Република Северна Македонија
ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА
СПИ.бр.8/23
12.10.2023 година
Гевгелија

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот Е.Ј, Основниот суд Гевгелија на ден 12.10.2023 година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од барателот Е.Ј, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, СЕ УВАЖУВА.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од барателот Е.Ј, Имателот на информацијата Основен суд Гевгелија, Ви ги доставува податоците согласно Вашето барање и тоа:

**1. Во 2020 година** не се поднесени тужби со предлог за издавање на судски платен налог, не се издадени судски платни налози и не се поднесени приговори на решенијата со кои се издадени судските платни налози.

**2. Во 2021година**

- 2-две тужби со предлог за издавање на судски платен налог од страна на нотар,
- Донесени се 2-две судски одлуки кои се правосилни и извршни,
- По горе наведените одлуки нема поднесено ниту жалба ниту приговор.

**3. Во 2022 година**

- 4-четири тужби со предлог за издавање на судски платен налог од страна на нотар,
- Донесени се 4-четири судски одлуки кои се правосилни и извршни,
- По горе наведените одлуки нема поднесено ниту жалба ниту приговор.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Основен суд Гевгелија на ден 12.10.2023 година, под СПИ.бр.8/23 од 12.10.2023 година

По овластување на Претседателот на судот
Службено лице за посредување со информации од јавен каратер
Раководител на оддел - Павле Тунев